ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-2620/21
01.08 2018 год.
ВЕЛЕС

вторник, 31 јули 2018

До

**Средства за јавно информирање**

ПРЕДМЕТ: Соопштение за јавност

Почитувани,

Со голема благодарност за досегашната соработка, Ве молам во рамките на Вашата програма да го објавите следното:

**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ**

Општина Велес ја информира јавноста дека, третото авионско третирање против комарци ќе го изврши на ден **04 август (сабота) 2018 год**. во периодот од 05 $^{\underline{00}}$ до 06 $^{\underline{30}}$ часот. Доколку временските услови не дозволуваат авионско прскање истото ќе се изврши наредниот ден, **05 август (недела) 2018 год**.

Границата, на третирањето е: **Езеро Младост**, с. **Отовица**, месност **Јарбош**, по течението на **Вардар** од север од с. **Башино село** низ Велес, се до вливот на реката **Бабуна** и с. **Горно Караслари**. На запад границата започнува од населбата **Превалец**, преку населбата **Керамидна** кон фабриката „**Киро Ќучук**" и с. **Горно Оризари**.

**Со третирањето ќе биде опфатено целото градско и приградско подрачје, како и целото течение на реката Вардар на овој потег. И оваа година ќе се третира рекреативниот центар Езеро Младост со непосредната околина.**

Се известуваат пчеларите во времето на третирање и **3-4 часа потоа да ги затворат кошниците со пчели,** заради можноста од влијание на средството со кое се врши третирањето врз безбедноста на пчелните семејства.

Ве молам соопштението да го емитувате во периодот од 01.08.2018 год. (среда) до 03.08.2018 год. (петок).

Со почит,

Градоначалник
на Општина Велес,
Аце Коцевски

Изготвил: Родна Трајковска

*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Panko Brasnar No 1*
*1400 Veles, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*